**ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КАРТИЧЕН СИСТЕМ АД - СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ПОСЕБНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

**Скопје, март 2024**

**СОДРЖИНА** Страна


| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Посебни финансиски извештаи** | |
| Биланс на успех | 3 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Извештај за финансиска состојба | 5 |
| Извештај за паричните текови | 6 |
| Извештај за промените во главнината | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8 - 30 |
| **Додатоци** | |
| Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење | |
| Додаток 2- Годишна сметка | |
| Додаток 3- Годишен Извештај за работење | |

**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел.**: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО
## АКЦИОНЕРИТЕ НА
## ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КАРТИЧЕН СИСТЕМ АД - Скопје

**Извештај за финансиските извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КАРТИЧЕН СИСТЕМ АД – Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2023 година, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.
Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Друштвото е регистрирано во Р.Северна Македонија.
Погоре е наведено регистрираното седиште на друштвото
Фирми членки има во главните градови низ целиот свет

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува) ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КАРТИЧЕН СИСТЕМ АД - Скопје

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење финансиските извештаи ја презентираат реално и објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КАРТИЧЕН СИСТЕМ АД – Скопје заклучно со 31 декември 2023 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КАРТИЧЕН СИСТЕМ АД – Скопје за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Скопје, 26 март 2024 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Костадинка Китаноска | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

| | Белешка | 2023 (000) МКД | 2022 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 8 | 192,744 | 160,726 |
| Останати оперативни приходи | 9 | 7,099 | 6,382 |
| Трошоци за материјали и потрошни добра | 10 | (1,967) | (2,672) |
| Трошоци за вработени | 11 | (54,831) | (43,521) |
| Амортизација | 20 | (29,342) | (26,817) |
| Останати оперативни расходи | 12 | (71,654) | (52,686) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **42,049** | **41,412** |
| Приходи од финансирање | 13 | 2,349 | 419 |
| Расходи од финансирање | 14 | (3,712) | (1,993) |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **40,686** | **39,838** |
| Данок од добивка | 15 | (4,387) | (4,277) |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **36,299** | **35,561** |
| **Основна заработувачка (загуба) по акција (Во МКД)** | 26 | **5** | **5** |

| | Белешка | 2023<br>(000) МКД | 2022<br>(000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка (загуба) за периодот** | | **36,299** | **35,561** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | | |
| Ревалоризација на недвижности и опрема | | - | - |
| Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | - | - |
| Курсни разлики од преведување на странски валути | | - | - |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **36,299** | **35,561** |

| | Белешка | 2023<br>(000) МКД | 2022<br>(000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 16 | 117,315 | 111,989 |
| Побарувања од купувачи | 17 | 22,670 | 18,523 |
| Останати тековни средства и АВР | 18 | 3,874 | 3,314 |
| **Вкупно тековни средства** | | **143,859** | **133,826** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности и опрема | 20 | 110,709 | 118,024 |
| Нематеријални средства | 21 | 82,885 | 14,034 |
| Вложувања во недвижности | 19 | 24,237 | 24,929 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **217,831** | **156,987** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **361,690** | **290,813** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 22 | 8,562 | 7,258 |
| Тековен дел од долгорочни обврски за финансиски лизинг | 25 | 487 | 528 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 23 | 3,743 | 2,982 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **12,792** | **10,768** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски спрема добавувачи | 24 | 32,968 | - |
| Долгорочни обврски за финансиски лизинг | 25 | 162 | 576 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **33,130** | **576** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **45,922** | **11,344** |
| Акционерски капитал | 26 | 462,419 | 462,419 |
| Резерви | | - | - |
| Ревалоризациона резерва | | - | - |
| Акумулирана добивка (загуба) | | (146,651) | (182,950) |
| **Вкупно главнина** | | **315,768** | **279,469** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **361,690** | **290,813** |

Финансиските извештаи беа одобрени од директорите на Интернационален Картичен Систем АД Скопје на 05 март 2024 година и во нивно име беа потпишани од:

| | |
|---|---|
| **Овластен сметководител** | **Претседател на Управен одбор** |
| **Татјана Соколова Николиќ** | **Филомена Пљаковска Аспровска** |

| | Белеш. | 2023 (000) МКД | 2022 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **40,686** | **39,838** |
| **Усогласување за:** | | | |
| Амортизација на недвижности и опрема | 20 | 29,342 | 26,817 |
| Исправка на сомнителни побарувања | 12 | - | - |
| Други намалувања на нематеријални средства | | - | 1,032 |
| Нето ефект од курсни разлики | | 159 | (51) |
| Приходи од камати | 13 | (20) | (19) |
| Расходи за камати | 14 | 2,170 | 451 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | | **72,337** | **68,068** |
| Побарувања од купувачи | | (4,147) | (1,857) |
| Останати тековни средства и АВР | | (548) | 1,314 |
| Обврски од добавувачи | | 34,113 | (7,534) |
| Останати тековни обврски и ПВР | | 761 | (225) |
| **Нето пари употребени во работењето** | | **102,516** | **59,766** |
| Платена камата | | (2,170) | (451) |
| Платен данок од добивка | | (4,399) | (3,079) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **95,947** | **56,236** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Примени камати | 13 | 20 | 19 |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема | 20 | (1,605) | (9,990) |
| Набавки на нематеријални средства | 20 | (88,581) | (6,195) |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(90,166)** | **(16,166)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Земени кредити | | (455) | (439) |
| Отплата на кредити | | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **(455)** | **(439)** |
| **Нето зголемување на паричните средства** | | **5,326** | **39,631** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **16** | **111,989** | **72,358** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **16** | **117,315** | **111,989** |

## ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КАРТИЧЕН СИСТЕМ АД СКОПЈЕ
## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ за годината која завршува на 31 декември

**Во (000) МКД**

| | Акционерски капитал | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Број на обични акции** | **Износ** | **Акумулирана добивка** | **Вкупно главнина** |
| **Состојба на 1 јануари 2022** | **7,582,421** | **462,419** | **(218,511)** | **243,908** |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | 35,561 | **35,561** |
| Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | **-** |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба)** | **-** | **-** | **35,561** | **35,561** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | |
| Уплата на акции | - | - | - | **-** |
| Распределба за резерви | - | - | - | **-** |
| Распределба за дивиденди | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **7,582,421** | **462,419** | **(182,950)** | **279,469** |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | 36,299 | **36,299** |
| Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | **-** |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба)** | **-** | **-** | **36,299** | **36,299** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | |
| Распределба за дивиденди | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2023** | **7,582,421** | **462,419** | **(146,651)** | **315,768** |